# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 37/2020 Пробиштип 22.06.2020 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.37 одржана на ден 22.06.2020 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за ослободување на родителите од надоместок на трошоците за престој на деца во ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип во услови на пандемија од Covid-19 бр.26-534/3,
2. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Зоран Начевски бр.26-534/4,
3. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Иво Танчевски бр.26-534/5,
4. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Гоце Цветков бр.26-534/6,
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во Општина Пробиштип за 2020 година бр.26-534/7,
6. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за урбанизам за 2019 година бр.26-534/8,
7. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2019 година бр.26-534/9,
8. Заклучок за усвојување на Извештај за работа на одделението за инспекциски работи 2019 година бр.26-534/10,
9. Заклучок за усвојување на Извештај за спроведување на Програма за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2019 година бр.26-534/11,

10. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за енергетска ефикасност за 2019 година бр.26-534/12,
11. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за ЛЕР за 2019 година бр.26-534/13,
12. Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Добрево, со самофинансирање бр.26-534/14,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 08-534/16** **ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Пробиштип** **Драган Анастасов с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.2/2005) и член 191 став 3 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Управниот одбор на ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип бр. 03-94/1 од 12.06.2020 година, на седницата одржана на ден 22.06.2020 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За ослободување на родителите од надеместок на трошоците за престој на деца во ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип во услови на пандемија од Covid-19**

Член 1

Се ослободуват родителите на децата кои ги користат услугите од ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип , од плаќање на надоместок на трошоците за престој на деца во градинка, за период од прогласување на мерките за затварање на градинките поради пандемија од корона вирусот Covid-19 донесени од Владата на Република Северна Македонија почнувајки од 01.04.2020 година па се до нивното завршување.

Член 2

Се задолжува ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип да не искажува побарување спрема родителите на децата кои ги користат услугите на градинката за за период од прогласување на мерките за затварање на градинките поради пандемија од корона вирусот Covid-19 донесени од Владата на Република Северна Македонија, па се до нивното завршување.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-534/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. Весник на РМ"бр.23/11, 54/11, 155/12, 3/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.3080/42, МВ „Бабин Мост„ КО Злетово, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Зоран Начевски** со адреса на живеење на **ул.„Маршал Тито„ бр.269 од с.Злетово, Општина Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на **Република Македонија**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на Злетово или ќе се донесе некој друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-534/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. Весник на РМ”бр.23/11, 54/11, 155/12, 3/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип” бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.1940, МВ „Леговец„ КО Древено, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Стојан Танчевски** со адреса на живеење на **ул.„Јаким Спиров„ бр.83 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето **Иво Танчевски**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се донесе некој друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-534/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. Весник на РМ”бр.23/11, 54/11, 155/12, 3/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип” бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење **Стопански објект,** изграден **на дел од КП.бр.1495/1, м.в.„Дреновачки Дол„ КО Злетово, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Гоце Цветков,** со адреса на живеење во с.Којково, Кратово.

**Член 2**

Бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат на важечка урбанистичка планска документација и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицата **Гоце Цветков од Кратово и Марјан Василев од Пробиштип**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на Злетово или ќе се донесе некој друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **Г2-лесна и незагадувачка индустрија.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-534/6**
**22.06.2020 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година ја усвои следната :

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА**
**И УЛИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година бр 26-1080/9 од 25.11.2019 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр.30/2019, Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година бр 26-1080/9 од 25.11.2019 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр.31/2019 и тоа :

Подпрограма Јд Изградба и реконструкција на општинските патишта и улици

- Во точката 13 Изградба на улици во рурални средини износот од „5.000.000” денари во колоната буџет се заменува со „3.854.439” денари.
- Се додава нова точка 17 која гласи: „Асфалтирање на улички во село Плешенци и село Долни Стубол„ и во колоната буџет се додават „1.145.561” денари

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за урбанизам на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на

седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2019година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**22.06.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Пробиштип** **Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/12**
**22.06.2020 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Љупчо Благоевски с.р.**

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за Локален економски развој на Општина Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Локален економски развој на Општина Пробиштип за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за Локален економски развој на Општина Пробиштип за 2019 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за Локален економски развој на Општина Пробиштип за 2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-534/13**
**22.06.2020 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Љупчо Благоевски с.р.**

---

Согласно член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ( Службен Весник на Република Северна Македонија бр.32/2020) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 22.06.2020 година расправајќи по иницијативата за изработка на Локална урбанистичка планска документација ( ЛУПД) поднесена од страна на Спасо Миланов ул.Велко Влаховиќ бр.3/9 Пробиштип бр. 10-513/1 од 08.06.2020 година го донесе следниот:

## ОДЛУКА
**За прифаќање на иницијатива за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Добрево, со самофинансирање**

Член 1

Се прифаќа иницијативата за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура

(фотоволтаична централа) во Добрево, со самофинансирање поднесена од Спасо Миланов ул.Велко Влаховиќ бр.3/9 Пробиштип.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

**Број 26-534/14**
**22.06.2020 година**
**Пробиштип**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Љупчо Благоевски с.р.**